# КАРПОШ

## неделен Е - БИЛТЕН







**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**

ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

4 - 10 февруари 2019 Билтен бр. 307

# СРЕДБА БОГОЕВ - ТИМОНИЕ: СЦ „ПАРТИЗАН“, СИМБОЛ НА МАКЕДОНСКО – ФРАНЦУСКОТО ПРИЈАТЕЛСТВО

Македонско–француското пријателство датира со децении, со конкретна соработка во различни области, а токму спортската сала „Партизан“ е одраз на солидарноста на Франција кон Градот Скопје, веднаш по земјотресот во 1963 - та година.

Ова беше една од главните теми на разговор на денешната работна средба на градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев и амбасадорот на Франција во Македонија, Кристиан Тимоние. Во контекст на оваа актуелна, и за карпошани многу значајна тема, градоначалникот Богоев изјави:

-Започнавме иницијатива за спас и обнова на салата „Партизан“, култен спортски центар кој претставува донација од француската влада. Граѓаните беа уплашени дека овој простор може да биде узурпиран со изградба на нови згради, но, нашата заложба и цел е ова место да остане со намена за спорт и рекреација.

Амбасадорот Тимоние истакна дека Карпош претставува значаен дел од Скопје, а токму градоначалникот е најблиската личност - институција до граѓаните.











Богоев и Тимоние разговараа и за подлабока соработка во областа на животната средина, образованието и унапредувањето на родовата еднаквост.

Потврдена е заложбата за унапредување на францускиот јазик во основното образование, како и организирање и одржување на дополнителни обуки и работилници за наставниците кои го предаваат овој јазик, во соработка со Институтот за француски јазик - Скопје..

Во претстојниот период, градоначалникот Богоев и амбасадорот Тимоние ќе остварат посета на околниот простор околу „Партизан“, но и на основното училиште „Братство“, во Тафталице, кое е пример за образовна установа каде се изучува францускиот јазик и се негува мултиетничноста.

# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА АКЦИЈА ЗА КАСТРЕЊЕ НА СУВИ ГРАНКИ

Утринската акција на улицата „Волгоградска“, во Карпош 4 каде што се сечеа и кастреа суви гранки беше спроведена од ЈП „Паркови и зеленило“.

Општина Карпош нема преземено иницијатива за сеча на гранките на овој потег, туку станува збор за активност на јавното претпријатие поради староста на дрвјата во овој дел од населбата.

Имено, остарените и исушени дрвја претставуваат сериозна опасност за околината, за граѓаните, а може да направат и поголема материјална штета на паркираните возила.

Локалната самоуправа во неколку наврати го повика ЈП „Паркови и зеленило“ да ја известува јавноста за овие нивни акции, со цел да не се шират лажни информации за уништување на зеленилото.

Општина Карпош во изминатиот период засади повеќе дрвја, внатрешно низ населбите, вклучително и во Карпош 4. Акцијата за зголемување на меѓублоковското зеленило ќе продолжи и оваа пролет. Сепак, за кастрење на суви гранки и дрвја надлежноста е единствено кај ЈП „Паркови и зеленило“, кои дејствуваат по претходно испратено барање за отстранување на суви и болни гранки или дрва.



# „WINTER FOOTBALL JOY“ – СПОРТУВАМЕ И ДРУГАРУВАМЕ

Во училишната спортска сала на ООУ „Петар Поп Арсов“, во Карпош 4, се одржа младинскиот спортски настан „Winter Football Joy“, во организација на Фудбалската федерација на Македонија (ФФМ) и Федерацијата на училишни спортови.

Учениците од второ, трето, четврто и петто одделение имаат можност да спортуваат, да ги совладуваат фудбалските техники и да се рекреираат. На денешниот настан присуствуваше и членот на Советот при Општина Карпош, Филип Даскаловски, кој во името на локалната самоуправа ги поздрави присутните , спортските работници и учениците.

-Опшината ќе продолжи да инвестира во подобра спортска инфраструктура, во нови игралишта и терени кои ќе овозможат повеќе простор и подобри услови за спортување на најмладите, рече Даскаловски.

За време на паузите на спортскиот настам, учениците добиваат здрав оброк и освежување.

Намерата е уште од рани години најмладите да стекнат здрави навики, да бидат физички активни и здраво да се хранат.








# КАРПОШ СЕ ПРИКЛУЧИ КОН WINTER BIKE TO WORK DAY

Нашиот главен град Скопје, денес по петти пат се придружи на иницијативата Winter Bike To Work Day. Станува збор за глобална акција која треба да ја подигне јавната свест и да поттикне што поголем број на луѓе да го користат велосипедот како превозно средство, не само овој ден, туку секојдневно.

Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев се приклучи кон иницијативата и на работното место пристигна со својот велосипед.
Исто така, дел од општинската администрација, како и голем број на ученици од основните училишта се приклучија кон оваа вело - активност.
Во меѓувреме, Општина Карпош објави и повик за субвенционирање на велосипеди, при што се субвенционирање 30% од цената на велосипедот, но најмногу до 3.000 денари.

Повеќе информации на:
http://karpos.gov.mk/page/Subvenciizavelosiped2019







# КАРПОШ ЈА ДОБИ ПРВАТА МОБИЛНА АПЛИКАЦИЈА ЗА ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО ВО ЛОКАЛНИТЕ ПОЛИТИКИ

На платото во ТЦ Лептокарија, се одржа настанот „Промотивниот ден мЗаедница", наменет за промовирање на мобилната апликација за Општина Карпош. Станува збор за првата мобилна апликација за учество на граѓаните во локалните политики, пријавување на проблеми, давање предлози и преземање на иницијативи.

Ова е еден иновативен метод за дополнително унапредување на комуникацијата меѓу локалната самоуправа и жителите на Карпош. Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев го истакна своето задоволство од успешната соработка меѓу локалната власт и Центарот за социјални иновации „БЛИНК 42-21" и USAID.

- Ова дополнително ќе ја зголеми ефикасноста на општинската администрација, затоа што граѓаните имаат можност директно да комуницираат со секторите при локалната самоуправа, но и да даваат свои креативни предлози и иницијативи за уредување на одреден јавен простор, рече Богоев.

На настанот се обрати и Милан Танчески, од „БЛИНК 42-21" кој посочи дека Општина Карпош е пионер во воведувањето на ваков вид мобилна апликација, со што на директен начин граѓаните се вклучени во локалните прашања и процесот на донесување на одлуки.

Во текот на настанот се делеше и промотивен материјал и им се даваа насоки на граѓаните како да ја симнат мобилната апликација, од својот IOS или Android уред.

Мобилната апликација е бесплатна за преземање преку Google Play: https://goo.gl/Y9qhpE и App Store: https://apple.co/2SbERqJ за корисниците на паметни телефони.

